РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен 13, 2310 Виница, Р. С. Македонија
тел/факс: +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
str. Bel Kamen 13, 2310 Vinica, R.N.Macedonia
phone/fax +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник
Бр. 11-148
28.03.2019 год
ВИНИЦА

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на општина Виница распишува

# ЈАВЕН ПОВИК

## за доставување на иницијативи за изработка на урбанистички планови

Заради поттикнување и забрзување на процесот на уредување на просторот, Општина Виница објавува **Јавен повик** за доставување на предлози за урбанистички планови од страна на правни и физички лица .

1. Правните и физичките лица можат во текот на јавниот повик да достават иницијативи за изработка и донесување на урбанистички планови од членот 7 став(1) точка 2 алинеи 2, 3 и 4 ( - детален урбанистички план, - урбанистички план за село и – урбанистички план за вон населено место) од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18).

2. Предмет на иницијатива може да биде донесување на нов урбанистички план или изменување и дополнување на постоечки урбанистички план.

3. Иницијативата може да се поднесе во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма преку архивата на Општина Виница.

4. За секоја поднесена иницијатива, во рок од 15 дена од истекот на рокот за доставување на иницијативи, подносителите ќе бидат известени за прифаќање или неприфаќање на иницијативата со соодветно образложение, преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

5. За прифатените иницијативи, **средствата за изготвување на потребната документација треба да ги обезбедат подносителите на иницијативите.**

6. Јавниот повик ќе биде објавен на информацискиот систем е-урбанизам, на веб страната на Општина Виница ( opstinavinica.gov.mk ), како и во еден печатен медиум.

Јавниот повик ќе трае од 30.03.2019 год. до 30.04.2019 год. (31 дена ) сметано од датата на објавата во печатениот медиум.

Република Северна Македонија Градоначалник Виница Општина Виница

ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Ивица Димитров , Дипл инг.техн.